# НАСТАН НА УГД

# ПРВ АКАДЕМСКИ ЧАС – БРУЦОШКА НА УГД

## 01.10.2024 (вторник)

## Содржина

Резиме........................................ 2
Цели ........................................ 2
Работна група ........................................ 3
Програма и буџет за работна група ........................................ 3
Изработени документи и изведени активности ........................................ 4
Резултат ........................................ 5
Краток заклучок ........................................ 5
Прилог: креирани материјали и фотографии ........................................ 6

## Резиме

Документот е изработен за настанот **прв академски час „Бруцошка на УГД“.** Истиот претставува кратка анализа за организацијата и изведувањето на настанот, како и за успешноста на истиот. Во извештајот се вклучени:
цели на настанот, работна група, програма за настанот, изведени активности, резултат и видливост на настанот.

## Цели

Цели за изведување на настанот беа:

1. Креирање вредност за новозапишаните студенти преку нивен пречек на универзитетот во академска атмосфера и меѓусебно запознавање.
2. Зголемување на видливоста на УГД во надворешните медиуми.
3. Комуникација со целните групи (младите, студентите како внатрешни корисници и пошироката јавност).
4. Одржување на контакти со медиуми.
5. Одржување на контакти со средните училишта.

## Работна група

Работната група е формирана со одлука на Сенат, а ја сочинуваа лицата прикажани во слика 1.

**Слика 1. Членови на работна група за прв академски час**

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
Бр. 0201-644/53
06.09.2024 год.
ШТИП

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 82/18 и бр. 178/21), **Универзитетскиот сенат** на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на **229.** седница одржана на ден **05.09.2024 година**, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за формирање на работна група за Прв академски час „Бруцошка на УГД“**
**за учебната 2024/2025 година**

**Член 1**

Се формира работна група за Прв академски час „Бруцошка на УГД“ за учебната 2024/2025 година.

**Член 2**

Членови на работната група за Прв академски час „Бруцошка на УГД“ се:

1. Проф. д-р Тамара Јованов Апасиева
2. Доц. д-р Милена Ристова-Михајловска
3. Доц. д-р Ана Витанова-Рингачева
4. Проф. д-р Емилија Митева – Кацарски
5. Проф. д-р Даниела Коцева
6. Асс. м-р Паулина Апостолова
7. Асс. м-р Мила Митрева
8. Асс. м-р Дино Карпичаров
9. Доц. д-р Моника Арсова
10. Круме Богоевски – демонстратор на ФМН
11. Ирена Жежова – студент на ФМН
12. Александар Величков – студент на ФМН
13. Јован Спасовски – студент на ФМН
14. Студенти по потреба

## Програма и буџет за работна група

**Слика 2. Одобрена програма**




Музичкиот перформанс на настанот беше изведен од страна на бенд од музичари – студенти на Музичката академија при УГД и Ансамбал Македонија.

Информациите за настанот, со цел благовремено известување и комуникација со целните групи и јавноста беа споделени на следниве канали:

- Интернет порталите на УГД, https://www.ugd.edu.mk/blog/nastani-mk/zapochnuva-akademskata-godina-na-ugd/?fbclid=IwY2xjawFqBFlleHRuA2FlbQIxMQABHb6MOkEP4dRnkDcc1WStLg0315-1FGDpi6gnMxhKTa6gQeZajWGgdfPN_g_aem_X0_WlIPxLxbMpLDhVOSemw
- Социјалните медиуми на УГД (Фејсбук и Инстаграм и Јутјуб), https://www.facebook.com/share/p/Jfs41KWXBB1dfrMQ/, https://www.instagram.com/ugdstip/p/DAlH_zQuMxU/?img_index=1, https://www.youtube.com/watch?v=pfE2Y93LqrI, https://www.youtube.com/watch?v=T7fne5PICFc
- Покана до гости по мејл.
- Покана до медиуми за присутво на настанот.

# Изработени документи и изведени активности

**За потребите на настанот се изведени следните активности:**

- Крерање на тим/работна група
- Состаноци за планирање на работната група – 4 онлајн состаноци
- Секојдневна координација на работната група по телефон
- Договарање на понудата за кетеринг услуга и изработка на промотивни материјали
- Креирање и праќање содржина со информации по мејл до засегнатите страни.
- Информирање на деканите и продеканите за деталите на настанот по мејл

- Изготвување на промотивен материјал – 1000 информативни брошури со насоки за студирање, постери за социјални медиуми, покани за студенти, покана за гости и професори, беџови за студентите, церада за фотографирање.
- Организација на бендот и Ансамбал Македонија за музички перформанс во соработка со Музичка академија.
- Фотографирање, снимање на настанот и пренос на настанот во живо
- Уредување на местото на настанот со потребни реквизити: говорница, микрофони, шема на маси, знамиња, промотивни банери на УГД, обезбедување на тоги за раководните лица, организација на инфо штандови, покривање на инфо штандови за пренос на информации и др.
- Пречекување на гости
- Координација на активностите на терен
- Комуникација со надворешните медуми за пренос на пораката – најава на настанот и медиумско покривање на денот на настанот.

## Резултат

Организацијата на настанот резултираше во следново:

- Присуство на над 600 бруцоши
- Присуство на родители на бруцошите
- Присуство на запишани странски студенти
- Присуство на над 100 вработени од професори и администрација
- Присуство на градоначалникот и Епархијата
- Псисуство на Министер за Образоваие и Наука
- Претставници од средните училишта (директори)
- Присуство на регионални и национални медиуми.
- Пренесена порака на сопствени медиуми
- Пренесена порака во јавноста на низа надворешни медиуми, меѓу кои:

    - https://sitel.com.mk/prv-akademski-chas
    - https://24.mk/details/prv-akademski-chas-na-univerzitetite-sv-kiril-i-metodij-i-goce-delchev
    - https://biznisvesti.mk/po-povod-denot-na-vozrasnite-litsa-panel-diskusija-i-proektsija-na-filmot-sharats/
    - https://nezavisen.mk/prv-akademski-chas-na-univerzitetite-sv-kiril-i-metodij-i-goce-delchev/
    - https://www.facebook.com/share/v/c6etADWJQxLUujM2/
    - https://www.facebook.com/share/v/rPpeyVm1wkrvF1wG/

## Краток заклучок

Од прегледаните видео материјали од настанот, снимените изјави на студентите, бројот во кој дојдоа на настанот, коментарите по социјалните

медиуми, коментарите на надворешните гости и вработените, може да се заклучи дека нашите целни групи (младите, студентите, родителите и пошироката јавност) имаат потреба од организирани настани кои ќе бидат посветени на нив и истите можат позитивно да влијаат на нивната перцепција за имицот на институцијата.

## Прилог: фотографии











Студирам на УГД
Делувам храбро




УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Избери мудро, делувај храбро.
#УГД


УГД ТВ
TAMA


STAR


ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ




УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Избери мудро, делувај храбро.
#УГД










ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ


MICHIGAN